РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА
Бр. 0307-358/1
16.02 2012 год.
СКОПЈЕ

Канцеларија за програмска координација на Претседателството на Турската агенција за соработка и координација ТИКА - Република Турција
T.C. BAŞBAKANLIK TÜRK İŞBİRLİĞİ VE KOORDİNASYON AJANSI BAŞKANLIĞI
Бр.-No. 066
16.02. 2012 год.-yili
СКОПЈЕ

# ПРОТОКОЛ
# ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ПРЕДСЕДАТЕЛСТВО НА ТУРСКА АГЕНЦИЈА ЗА КООРДИНАЦИЈА И СОРАБОТКА
# И
# БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА ПРИ МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 1: Страни**

Овој протокол се потпишува помеѓу Председателство на турската агенција за координација и соработка (во понатамошниот текст ТИКА) и Биро за Метрологија при Министерството за економија, Република Македонија (во понатамошниот текст Биро).

**Член 2: Предмет и Намена**

Од страна на Председателство на турската агенција за координација и соработка;
Со отпочната соработка помеѓу Научно технолошко истражувачка институција на Република Турција – ТУБИТАК и Биро за Метрологија при Министерството за економија на Република Македонија снабдување на сите материјали кои што се наведени во прилогот, транспорт и нивна монтажа заедно со обука за управување која ќе се изведе од страна на експерти од Република Турција.

Опремата која е наведена во листата ќе се поврзува со постоечкиот атомскиот часовник (цезиум) и интегрираната опрема која се наоѓа во лабораторијата за Време и фрекфенција. Целта на овој проект е да се развие постоечкиот систем во Бирото на временската скала да се пренесе од меѓународно ниво на национално ниво и исто така да се обезбеди дистрибуција на реалното локално време до крајните корисници во Република Македонија преку интернет или преку изнајмено линии.

На овој начин Биро за Метрологија при Министерството за економија на Република Македонија активно ќе се вклучи во светскиот систем UTC.

**Член 3: Одговорности на ТИКА**

А). Обврските кои што се наведени во проектот треба да се извршат од страна на Координаторот на ТИКА во Скопје.
Б). Ќе ја организира обуката на системот кој што е наведен на листата доставен во прилог.
В). Ќе организира експерти за техничката употреба на материјалите.
Г). Ќе го организира пристигнувањето на системот наведен во прилог.
Д). Ќе ги покрие патните трошкови и надоместокот на експертите од Република Турција.
Ѓ). Ќе ги следи работите.

**Член 4: Одговорности на Бирото**

А). Ќе назначи еден координатор за проектот кој што ќе ги следи активностите и ќе дава инструкции на другите членови од екипата.
Б). Назначениот координатор ќе функционира во координација со ТИКА.
В). Во текот на монтажата и обуката ќе се обезбедат работни канцеларии за експертите од Република Турција. Ќе бидат покриени трошоците за фиксен телефон, факс и интернет и други основни канцелариски материјали.